**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-3149/1 од 21.05.2026 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Дванаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **28.05.2026 година (четврток) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за донесување на Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година;
2. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08, Блок 01, Општина Гази Баба (плански период 2021 - 2026);
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2026 година;
4. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата;
5. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Лазар Поп Трајков" во Општина Гази Баба;
6. Предлог - Одлука за доделување на еднократна парична награда на училишниот тим на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за постигнат успех на Светскиот шампионат "FIRST LEGO League, 2026";
7. Предлог - Одлука за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Гази Баба - Скопје;
8. Предлог - Одлука за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Јавна установа Градска библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје;
9. Предлог - Одлука за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на општинските основни училишта и јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба;

10. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година; и
11. Предлог - Одлука за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Липково и Општина Гази Баба.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**